# ОБЛАСТИ И ФОРМИ НА СОРАБОТКА НА СТРУЧНИТЕ УЧИЛИШТА И КОМПАНИИТЕ



# ОБЛАСТИ И ФОРМИ НА СОРАБОТКА НА СТРУЧНИТЕ УЧИЛИШТА И КОМПАНИИТЕ

## информативен документ за операционализација на соработката меѓу средните стручни училишта и компаниите

Образование за вработување во Северна Македонија

Центар за стручно образование и обука

Автори:
М-р Зоран Јовчевски, советник, Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)
М-р Ардијана Исахи Палоши, советник, Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)

Редакција:
М-р Ивана Георгиевска, експерт за стручно образование и обука, Проект „Образование за вработување во Северна Македонија“

Декември 2018 г., Скопје

# ВОВЕД

Динамичниот раст и развој на економијата, технологијата и глобалниот пазар наметнуваат промени во образовниот процес кои бараат поинаков пристап во стекнувањето на знаењата, вештините и компетенциите. Образовните институции не се секогаш во состојба да одговорат на многубројните потреби на компаниите и да понудат развиени практични вештини кај младите и возрасните кои се прилагодливи на динамиката и на брзите и (не)очекувани промени на економијата и технологијата. Затоа, соработката меѓу образовните институции и работодавачите е неопходна, со цел кадрите што се образуваат преку стручното образование да се стекнуваат со соодветни компетенции кои ќе бидат апликативни на идните работни места.

За обезбедување на можности на ученикот/ученичката практично да усвојуваат стручни, но и други суштински вештини, соодветно е практичната обука да се одвива на дуален начин, т.е. со нужно присуство на реални работни места, покрај училишните капацитети.

Сепак, освен практичната обука постојат и други начини и облици на кои работодавачите може значително да придонесат на образовните процеси.

Елаборацијата на истите се наоѓа на страниците што следат. Листата има за цел да даде првични идеи и насоки и да ги поттикне размислувањата на училиштата и на работодавачите на кои сè начини би можеле да соработуваат со заедничка цел: да се унапреди квалитетот на образовниот процес во средното стручно образование, овозможувајќи им на учениците соодветно да се подготват за пазарот на трудот.

Ивана Георгиевска,
Ардијана Исахи Палоши
Зоран Јовчевски

# ОБЛАСТ 1

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И ПРАКТИЧНА ОБУКА

## 1.1. ПРАКТИЧНА НАСТАВА

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Практичната настава претставува една од формите на реализација на практичната обука на учениците во средното стручно образование. Се реализира континуирано во текот на наставната година според изготвена програма за практична настава и со број на часови предвиден во наставниот план. Во тригодишното стручно образование најчесто е застапена во сите три години на образование на учениците, додека во четиригодишното стручно образование најчесто се реализира во II, III и IV-та година на образование. Реализацијата главно е во училиштето, но еден дел од неа може да се одвива и надвор од него, односно во компании. Програмата за практична настава ги следи програмските целини што се изучуваат по стручно-теоретските предмети во соодветната година на образованието. | Училиштето ја покажува оправданоста за своето постоење со тоа што применува и развива форми и методи на воспитно-образовна работа со кои наставата ја поврзува со практична примена на знаењата во производствената и во друга општествено корисна работа. | Работодавачите имаат можност да добијат компетитивна работна сила, таква што е обучена на ниво на занимања, а со самото тоа работна сила што има здобиено и поседува поголема флексибилност и адаптибилност за работа на различни работни места. | Учениците имаат можност да ја согледаат поврзаноста на теоријата со праксата и стекнатите стручно-теоретски знаења да ги применат практично.<br><br>Исто така имаат можност да се здобијат со вештини што ќе им користат за вклучување во пазарот на трудот, односно за нивно вработување. |

# 1.2. ФЕРИЈАЛНА ПРАКТИКА

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Феријалната практика, исто како и практичната настава, претставува форма на практична обука на учениците во средното стручно образование. Се реализира по завршувањето на наставната година, за време на летниот распуст, а во согласност со бројот на денови за феријална практика предвиден во наставниот план. Најчесто тој број се движи од 5 до 20 дена годишно. Реализацијата се одвива во компанија.<br><br>По завршување на феријалната практика, учениците добиваат потврда од компанијата за успешно изведена феријална практика, што е услов за нивно запишување во следната учебна година. Се изведува во сите учебни години, во согласност со наставниот план. Исклучок е завршната година на образованието. | Подобрена комуникација и соработка со компаниите.<br><br>Подигнување на квалитетот на практичната обука.<br><br>Искористување на капацитетите на компаниите за вклучување во процесот на здобивање компетенции кај учениците. | Работодавачите имаат отворени можности да влијаат врз квалитетот на стручното образование.<br><br>Отворени можности за компаниите да обезбедат повратни информации за стручните училишта за соодветноста на кадарот што се образува кај нив. | Развивање чувство на припадност кон одреден работодавач (компанија, трговец-поединец, институција и сл.).<br><br>Согледување на оперативната применливост на знаењата здобиени во училиште и од теоретски и од практичен аспект.<br><br>Можност да се здобијат со практични вештини во реални услови, подучувани од искусни мајстори/професионалци.<br><br>Здобивање и развивање клучни компетенции во реална компанија (различни видови комуникација, решавање проблеми, дисциплина во извршувањето на работните задачи, иницијативност, дигитални компетенции, социјални вештини и сл.). |

## 1.3. УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ (УПР)

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Учењето преку работа претставува учење на работно место во компанија, занаетчиска работилница или во други организации. На учениците им нуди можност за здобивање искуство на работно место од реалниот живот, што им овозможува знаењето здобиено во училиште да го поврзат со реалниот труд и со идните професионални и кариерни можности.<br><br>Може да се реализира во рамките на сите форми на практична обука на учениците, во согласност со програма што им одговара на условите во компанијата, како и со планираните цели и резултати што треба да се постигнат при реализацијата на учењето преку работа. | Училиштето има подобрена соработка со компаниите.<br><br>Зголемен квалитет на практичната обука. Добивање на релевантни информации за случувањата на пазарот на трудот и следење на промените.<br><br>Зголемена информираност на наставниците за новите технологии, текови и трендови. | Работодавачите имаат можност за активно учество во реализација на образовниот процес.<br><br>Зголемување на компетенциите кај идната работна сила.<br><br>Регрутација на нови кадри и можност за избор на идна работна сила.<br><br>Промовирање на компанијата во локалната средина и пошироко.<br><br>Можности за реализација на заеднички проекти меѓу училиштата и компаниите. | Знаењата и вештините што ги добиле на часовите во училиште да ги употребат во реалниот работен процес. Развивање општи и стручни компетенции потребни за самостојно вклучување во работниот процес.<br><br>Учење и користење стручна терминологија во реални услови.<br><br>Работа со специфични алати, средства, направи и уреди.<br><br>Работење во тим со проблемски пристап кон работата. Согледување на важноста од почитување на прописите за безбедност и заштита при работа, противпожарна заштита, HACCP, MKS или други.<br><br>Поголема можност за избор на занимања и соодветен сопствен професионален развој. |

# 1.4. ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Професионалната практика е застапена во секторите и образовните профили што се карактеризираат со сезонска работа во производствениот процес (земјоделско-ветеринарен и шумарско-дрвопреработувачки сектор). Се реализира во текот на наставната година, во деновите кога сезонската работа во производството им овозможува непосредно вклучување на учениците во производствениот процес. Се реализира врз основа на изготвена програма. Во наставниот план годишниот фонд за професионална практика е изразен во работни денови во прва, втора и трета година.<br><br>*Професионалната практика се реализира во рамките на нереформираните наставни планови, а нејзината примена завршува за две години, т.е. заклучно со учебната 2020/2021 г.* | Училиштето има подобрена соработка со компаниите.<br><br>Зголемен квалитет на практичната обука. Добивање релевантни информации за случувањата на пазарот на трудот и следење на промените. | Работодавачите имаат отворени можности да влијаат врз квалитетот на стручното образование.<br><br>Регрутација на нови кадри и можност за избор на идната работна сила. | Согледување на оперативната применливост на знаењата здобиени во училиште, и од теоретски и од практичен аспект.<br><br>Можност за учениците да се здобијат со практични вештини во реални услови, подучувани од искусни мајстори/професионалци. |

# 1.5. ЕДНОДНЕВНА ПОСЕТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Еднодневната посета кај работодавач ја иницира наставник по стручно-теоретска настава или по практична настава. Посетата трае од најмалку еден час до цел работен ден, во зависност од расположливото време или од природата на процесот или на услугата. Целта на посетата е да се набљудуваат конкретен процес, производ или услуга, за што учениците учеле во рамките на стручно-теоретски предмети, на практична настава или на вежби. | Стручните предмети стануваат поинтересни бидејќи учениците имаат појасна слика за одредено работно место, процес, производ или услуга. На наставникот му е полесно да ги постигне очекуваните резултати. | Работодавачите остваруваат соработка и комуникација со младите, со што ја промовираат компанијата. Со подобрување на комуникацијата, компанијата може да ги мотивира младите за работа во дејноста. | Средбата со работници на работно место може да ги инспирира младите. Учењето е порелевантно, се добива појасна слика за професијата.<br><br>Се помага професионалната ориентација на младите. |

# 1.6. НАБЉУДУВАЊЕ НА РАБОТНО/И МЕСТО/А ВО КОМПАНИЈА

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Набљудувањето на работни места го организира училиштето во соработка со компанија. На ученикот му се дозволува да престојува во компанијата со цел да набљудува различни работни места што се поврзани со занимањето, односно квалификацијата за која тој/таа се образува. При набљудувањето, ученикот/ученичката ги евидентираат спецификите на работното место во однос на условите за работа, активностите што ги врши работникот, алатот и опремата што ги користи при работењето, безбедносните процедури и сл. Процесот на набљудување работни места трае повеќе од еден ден, најчесто од 3 до 5 дена, во зависност од бројот на работни места. | Наставниците ќе бидат подобро разбрани кога ќе ги истакнуваат важноста и потребата од одредени знаења и вештини што треба да ги поседуваат учениците заради својот иден професионален развој. Целисходноста на тоа што треба да се учи ќе биде согледана, а со тоа ќе биде зголемена и мотивацијата и кај наставниците и кај учениците. Училиштето би постигнувало подобри резултати. | Работодавачите добиваат кадри коишто имаат интерес и претстава за тоа што би го работеле во иднина.<br><br>Исто така, работодавачите би биле во можност да влијаат врз определбата на младите да бидат нивни идни вработени преку разни стимулативни мерки. | Во согласност со своите афинитети и здобиени знаења и вештини во определена квалификација, учениците имаат можност да увидат каде може да се пронајдат како идни вработени, или пак да ги утврдат работните места на кои не би можеле да работат. Тоа значи дека активноста би им помогнала во нивниот професионален развој и во отворањето на нивните видици за кариерно напредување. |

# 1.7. ПОСЕТА НА РАБОТОДАВАЧ НА НАСТАВЕН ЧАС/ГОСТИН НА НАСТАВЕН ЧАС

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Училиштето може да организира претставник од одредена компанија/ работодавач да присуствува на наставен час по стручно-теоретски предмет. Претставникот на компанијата може да ги презентира:<br>→ специфичностите на конкретен технолошки процес, производ или услуга каде што работи тој,<br>→ својата лична кариера и патот како стигнал до позицијата.<br><br>Презентацијата може да се снима и да се користи и друг пат, а може да се сподели и со други училишта.<br><br>Работодавачот и наставникот може да се договорат определена наставна содржина да ја предава работодавачот. | Стручните предмети стануваат поинтересни бидејќи нештата се презентираат од друг аспект и од друга перспектива. Оваа форма на соработка му овозможува на училиштето да се запознае со најдобрите практики и актуелности. Снимката може да се користи повеќе пати и со други ученици. | Споделувајќи животни искуства, работодавачот им помага на учениците да осознаат повеќе за занимањето/ професијата и за кариерниот развој.<br><br>На овој начин се поттикнува интерес кај учениците за тоа занимање/ професија.<br><br>Идната работна сила е во тек со актуелните процеси преку споделените содржини. | Учениците слушаат за директни искуства од искусни работници. Активноста помага да им стане јасно што ќе се очекува од нив кога ќе стапат на работно место. Спремни се за избор на кариера. |

# 1.8. СЛОБОДНИ ЧАСОВИ НА УЧИЛИШТЕТО/СОДРЖИНИ ПРОГРАМИРАНИ ОД УЧИЛИШТЕТО

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Слободните часови/содржини програмирани од училиштето се образовно подрачје со кое им се овозможува на учениците да изучуваат и други области надвор од задолжителните доколку тие го сакаат тоа. Ваквите часови може да се реализираат за која било квалификација во согласност со наставниот план. Ако оценат училиштето и компанијата дека одредена област е од заеднички интерес за изучување и за реализација, тие може да изготват програма според насоките за програмирање на слободните часови и да да ја достават програмата до ЦСОО за одобрување. По позитивното мислење, таа може да се реализира. | Флексибилно однесување на училиштето во однос на искажаните потреби на локалната заедница или на некоја компанија.<br><br>Динамична соработка со социјалните партнери од соодветната дејност.<br><br>Можност за следење на современите трендови на пазарот на труд и за учење од компаниите. | Задоволување на сопствените специфични потреби во однос на компетитивноста на идната работна сила.<br><br>Зголемена сигурност на компанијата со постоење соодветна работна сила. | Проширување и продлабочување на своите знаења, ставови и вештини од соодветна област.<br><br>Здобивање компетенции во согласност со динамичните промени на пазарот на труд.<br><br>Задоволување на сопствените интереси за учење. |



# ОБЛАСТ 2



# НАСТАВЕН И ДРУГ СТРУЧЕН КАДАР

## 2.1. ОБУКА НА НАСТАВНИЦИ ВО КОМПАНИИ

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Соработката на училиштето со компаниите со цел обука на наставниците кај работодавачите има важна улога во стручното образование и обука. Таа придонесува кон успешно и квалитетно изведување на наставните програми по стручно-теоретските предмети и на практичната обука. Со неа се проширувaат сознанијата и се надградуваат компетенциите на наставникот во стручната област. | Наставниците се усовршуваат во компанија, при што се запознаваат со најновите технологии, трендови и новини во секторот, како и со развојот и функционирањето на организацијата на работата во работен процес. Со тоа се здобиваат со компетенции за поквалитетно реализирање на програмите, што би значело продукција на иден кадар со подобрени вештини за вработување. | Работодавачите имаат можност да добиваат непосредни информации за случувањата во стручното образование. Добиваат можност да влијаат врз квалитетот на работењето на наставниците, а со самото тоа и да придонесат кон подобрени знаења и вештини кај учениците што се нивна идна работна сила. И двете страни добиваат можности за размена на искуства и на идеи. | Учениците добиваат поквалитетни наставници, кои би организирале и би изведувале поинтересна и поцелисходна настава. При тоа, добиваат можност за подобро согледување на поврзаноста меѓу теоријата и практиката, а со тоа нивните здобиени знаења и вештини би имале поголема употребна вредност. |

# 2.2. ОБУКА ВО УЧИЛИШТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ ОПРЕМА

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Во производствените и во услужните дејности, компаниите најчесто користат пософистицирана и посовремена опрема и се во тек со техничко-технолошкиот развој. Училиштата, споредено со компаниите, побавно го следат развојот на техниката и на технологијата. При набавка на нова опрема во училиштето за користење во наставата, претставници од компаниите може да вршат обука на наставниот кадар за примена на новата опрема. | Училиштето добива наставници обучени да ја користат новата опрема, при што на учениците им се овозможува преку реализација на практична обука да се здобијат со потребните компетенции користејќи ја опремата. | Работодавачите добиваат поподготвени кадри коишто се однапред обучени во училиште, а потоа продолжуваат со работа кај работодавачот. | Обучени наставници создаваат поподготвени ученици. Вежбајќи на опрема во училиште, учениците се здобиваат со вештини за работа со таа опрема. |



# ОБЛАСТ

# 3

# ОПРЕМА, СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ

## 3.1. СПОНЗОРИРАЊЕ И ДОНИРАЊЕ ОПРЕМА, СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Работодавачите може да им донираат и да спонзорираат набавка на функционална опрема за училиштата, во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (Сл. весник бр. 47/06, 86/08, 51/2011, 28/14 и 153/ од 4.9.2015). Училиштата може да ја користат опремата за вежби на учениците. | Училиштето добива соодветна опрема за практична реализација и за остварување на резултатите од учење во наставниот процес.<br><br>Поседува опрема на која учениците може да вежбаат и да се здобиваат со вештини. | Во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (Сл. весник бр. 47/06, 86/08, 51/2011, 28/14 и 153/ од 4.9.2015), работодавачите имаат даночни придобивки. | Учениците ја користат добиената опрема.<br><br>Вежбајќи на опремата во училиште, учениците се здобиваат со соодветни практични вештини за работа со опремата. |

# 3.2. ПОДДРШКА ВО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ОПРЕМА

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Техничкиот кадар од компаниите што се грижи за одржување на опремата во фирмите, може да се ангажира за поправка, сервисирање и за ремонтирање на амортизираната опрема во училиштето. Училиштето и компанијата може заеднички да го планираат и да го реализираат процесот на одржување на училишната опрема. | Училиштето добива квалитетно одржување на училишната опрема. Опремата на училиштето постојано ќе биде функционална. | Учениците реализираат вежби во училиште користејќи ја училишната опрема, при што се поподготвени кога ќе влезат во една компанија, било на работа или за реализација на практична обука. | Учениците постојано имаат пристап до функционална опрема.<br><br>Вежбајќи на опремата во училиште, учениците се здобиваат со вештини за работа и се поподготвени за работа кај работодавач. |

# 3.3. ПОДГОТОВКА НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Работодавачите може да обезбедат ресурси или материјали за учење со цел активностите за учење да бидат посовремени и покорисни.<br><br>Работодавачите може да бидат и дел од авторски тим при пишување/изработка на материјали/учебници за учење. Работодавачите може да обезбедат видеоматеријали со снимени процеси и/или услуги, промотивни материјал, примероци од суровини, полупроизводи и производи и слично. | Училиштето го проширува обемот на материјали и на дидактички средства што ги користи.<br><br>Обезбедува релевантен и актуелен материјал за учење. | Работодавачите преку подготовка на материјали за учење го штедат своето време за објаснување во текот на реализацијата на практичната обука и се фокусираат на реализација на конкретна задача. | Учењето е порелевантно, а учениците добиваат појасна слика за процесите и за услугите. Со користење на материјалите за учење, тие имаат можност да ги збогатуваат своите компетенции и надвор од задолжителното време за практична обука. |

# ОБЛАСТ
# 4

# ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ

## 4.1. ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Училиштата и компаниите може да предлагаат и да иницираат изработка на различни програмски документи како стандарди за занимања, стандарди за квалификации, наставни програми во различни образовни подрачја, програми за образование на возрасни и сл. Ваквите програмски документи треба да бидат поддржани од соодветните институции на системот, како МОН, БРО, ЦСОО и др. | Училиштето би добило поддршка од компаниите за креирање и за продукција на програмски документи чија реализација ќе придонесе кон обезбедување кадар во согласност со потребите на пазарот на труд. | Работодавачите директно би учествувале во изработка на програмски документи во согласност со своите идентификувани потреби. Со тоа добиваат можност директно да влијаат врз квалитетот на процесот на учење во согласност со своите побарувања. | Оптимизираност на поставените резултати што треба да ги постигнат учениците/учесниците во текот на своето стручно образование според потребите во реалноста. |

# 4.2. КАМПАЊА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ И ПОДДРШКА ВО ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Се планира заедничка кампања за определено занимање односно квалификација што е потребна на пазарот на трудот, а се нуди од определено училиште. Кампањата може да се однесува на квалификација од формалното или од неформалното образование.<br><br>Заедничка кампања може да се реализира и за постојни квалификации, при што се промовираат добри искуства од веќе остварена соработка и се презентираат успешни ученици што се здобиле со квалификацијата.<br><br>Кампањата може да се реализира преку различни медиуми и со користење на различни техники: печатени летоци и памфлети, заеднички презентации, гостувања/презентации во медиуми, заедничко учество на саеми и сл. | Училиштето има можност да ја зголеми атрактивноста на квалификациите што ги нуди и да ја зголеми својата видливост. Со тоа би се зголемил бројот на ученици/учесници во формалното или во неформалното образование и би растеле рејтингот и реномето на училиштето. | Работодавачите ја промовираат компанијата и придонесуваат за создавање компетентни кадри образовани и/или обучени за вклучување во работниот процес. | Учениците/учесниците добиваат појасна слика во која компанија или во каков вид компанија може да се вработат по завршување определено образование или обука. |



# ОБЛАСТ

# 5



# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

## 5.1. ИЗРАБОТКА НА ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРОВЕРКА НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧ

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|---|---|
| Проверката на постигнувањата на учениците е важен сегмент од практичната обука. За да може да се согледаат ефектите од учењето преку работа, вклучените чинители користат инструменти за следење, евидентирање и за оценување на постигнувањата на учениците. | Го следи, го оценува и го евидентира процесот на практична обука во компанијата со цел навреме да се отстранат пречките што се појавиле во текот на реализацијата, како и да се предвидат корективни мерки за наредните генерации.<br><br>Со активноста училиштето добива и релевантни докази за напредокот на учениците, како и за формирање на конечната оценка на ученикот. | Работодавачите имаат инструменти (чек-листи, критериуми и сл.) со што обезбедуваат релевантно и транспарентно вреднување на учениците. | Учениците добиваат реално и соодветно вреднување на постигнатите резултати. При тоа добиваат насоки каде и како во иднина да се подобруваат. |

# 5.2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНИОТ ДЕЛ ОД ЗАВРШНИОТ ИСПИТ И/ИЛИ ДРЖАВНАТА/СТРУЧНАТА МАТУРА

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО | ПРЕДНОСТИ ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ | ПРЕДНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ |
| --- | --- | --- | --- |
| При реализација на практичниот дел на завршниот испит и/или државната/стручната матура учествуваат и работодавачите. Практичниот дел се препорачува да се реализира во компанија. Планирањето, организацијата и реализацијата на испитот се прават заедно. Училиштето и работодавачите заедно ги дефинираат испитните задачи и заедно подготвуваат критериуми за вреднување. Претставник од работодавачите учествува во вреднувањето на учениците. | Училиштето добива сигурност дека креира кадри способни за работа. Остварува соработка со компаниите при што добива показатели каде треба да се подобри за да се обезбедат подобри резултати на идните ученици. | Во текот на реализација на практичниот дел од испитот, работодавачите имаат увид во квалитетот на секој од учениците. Работодавачот може да им понуди вработување на учениците за кои смета дека се релевантни за компанијата, при што ќе добие квалитетен обучен кадар. | Ова е добра можност учениците да ги покажат своите вештини и компетенции. Доколку покажуваат добри резултати, може да добијат понуди за вработување. |

